**20151063298**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 8 став (3) и член 14 став (9) од Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/15) министерот за финансии, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ЦАРИНСКИ ДЕЈСТВИЈА КАКО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПЕРИОДОТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ЦАРИНСКИ ДЕЈСТВИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за преземање на царински дејствија како и потребната документација и формата и содржината на барањето за продолжување на периодот за преземање на царински дејствија.

Член 2

Барањето за преземање на царински дејствија се поднесува на образец А4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Кон барањето од член 2 став 1 од овој правилник се приложува и еден од следните документи:

(1) доказ за регистрацијата кај надлежен орган или доказ дека барањето е поднесено за право од индустриска сопственост кое е регистрирано, а како доказ може да се смета и извод за регистрацијата од базата на податоци на домашен или странски надлежен орган, а за заштитени ознаки на потекло на производот и заштитени географски ознаки, дополнително треба да се даде и доказ дека носителот на правото е производител или група производители, како и доказ дека ознаката на потекло на производот или географската ознака е регистрирана.

(2) доказ за авторско право или за статусот на подносителот на барањето како првобитен носител, за авторско право и сродно право кое не е регистрирано или за кое не е поднесено барање.

Кога барањето го поднесува друго домашно или странско, правно или физичко лице кое има право да користи некое од правата од интелектуална сопственост, покрај еден од доказите од ставот 1 од овој член, кон барањето се приложуваат и документи со кои лицето стекнало право на користење на предметното право.

Кога барањето го поднесува застапник на носителот на правото или друго домашно или странско, правно или физичко лице кое има право да користи некое од правата од интелектуална сопственост, покрај еден од доказите од ставот 1 на овој член, кон барањето се приложува и доказ за неговото овластување да дејствува како застапник.

Член 4

Барањето за продолжување на периодот за преземање на царински дејствија се поднесува на образец А4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Обрасците од членот 2 став 1 и членот 4 став 1 од овој правилник се пополнуваат рачно со мастило и печатни букви или електронски и истите не треба да содржат избришани и прецртани зборови или други измени и се поднесуваат во два примерока.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за примена на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост („Службен весник на Република Македонија" број 58/05, 82/11 и 132/13).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.20-4924/1
25 јуни 2015 година
Скопје

Министер за финансии,
**Зоран Ставрески**, с.р.

Прилог 1

БАРАЊЕ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ЦАРИНСКИ ДЕЈСТВИЈА

1

ОБРАЗЕЦ ЗА НАДЛЕЖНАТА ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА

**1. Подносител на барањето:**

Назив/Име (*):
Адреса (*):
Град (*):
Поштенски број:
Земја (*):
ЕДБ/ЕМБГ:
Телефон: (+)
Мобилен тел(+):
Факс (+):
Е-пошта (*):
Интернет страна:

**За службена употреба**
Датум на прием
Регистарски број на барањето

ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

БАРАЊЕ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ ЦАРИНСКИ ДЕЈСТВИЈА ОД СТРАНА НА ЦАРИСНКИТЕ ОРГАНИ

согласно член 8 од Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост

**2 (*). Статус на подносителот на барањето:**

- □ Носител на правото
- □ Лице или ентитет овластен за користење на правото од интелектуална сопственост
- □ Орган за управување со колективни права од интелектуална сопственост
- □ Орган за професионална заштита
- □ Група на производители на производи со географска ознака или застапници на носителите на групата
- □ Оператор кој има право да користи географска ознака
- □ Надзорен орган или надлежен орган за географска ознака
- □ Носител на ексклузивна лиценца

**3. Застапник кој поднел барање во име на подносителот на барањето:**

Назив/Име (*):
Адреса (*):
Град (*):
Поштенски број:
Земја (*):
ЕДБ/ЕМБГ:
Телефон (+):
Мобилен тел (+):
Факс (+):

□ Приложен е доказ за овластувањето на застапникот

1

**4 (*). Вид на право на кое се однесува барањето:**

- □ Домашна трговска марка (ДТМ);
- □ Меѓународна трговска марка (МТМ);
- □ Домашен дизајн (ДД)
- □ Меѓународен дизајн (МД)
- □ Авторско право и сродно право (АПСП)
- □ Трговско име (ТИ)
- □ Топографија на интегрални кола (ТИК)
- □ Патент (П)
- □ Корисен модел (КМ)

**Географска ознака/Ознака на потекло:**

- □ за земјоделски и прехранбени производи (ГОЗПП)
- □ за вино (ГОВ)
- □ за ароматизирани пијалаци врз база на вино (ГОАПВ)
- □ согласно ратификувани меѓународни договори

**Право на заштита на сорти на растенија;**

- □ домашно (ДПЗСР)
- □ меѓународно (МПЗСР)

**Сертификат за дополнителна заштита:**

- □ за медицински производи (СМП)
- □ за производи за заштита на растенијата (СПЗР)

**5. Контакт лице за правни работи**

Име (*):
Адреса (*):
Град (*):
Поштенски број:
Земја (*):
Телефон (+):
Мобилен тел (+)
Факс (+):
Е-пошта (*):
Интернет страна:

**6. Контакт лице за технички прашања**

Име (*):
Адреса (*):
Град (*):
Поштенски број:
Земја (*):
Телефон (+):
Мобилен тел (+)
Факс: (+)
Е-пошта (*):
Интернет страна:

**7. Постапка во случај на мали пратки**

□ Барам да се примени постапката за мали пратки согласно член 29 од Законот за царински мерки за спроведување на правата од интелектуална сопственост, и на барање на царинските органи се согласувам за покривање на трошоците поврзани со уништувањето на стоката во таа постапка.

**8 (*). Список на права на кои се однесува барањето**

| Бр. | Вид на право | Регистарски број | Датум на регистрација | Датум на истекување на рокот | Список на стоки на кои се однесува правото |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

За дополнителни права, види прилог бр. ...

## Оригинална стока

**9. Податоци за стоката (*)**

Број на правата од интелектуална сопственост:
Опис на стока (*):

Тарифен број по КН на ЦТ:
Царинска вредност:
Просечна пазарна вредност: □ Види прилог бр. ...

**10. Препознатливи карактеристики на стоките (*)**

Место на стоките(*):
Опис (*):

□ Види прилог бр. ...

**11. Место на производство (*)**

Земја:
Компанија:
Адреса:
Град: □ Види прилог бр. ...

**12. Вклучени компании (*)**

Улога:
Име(*):
Адреса:
Град: □ Види прилог бр. ...

**13. Трговци (*)**

□ Види прилог бр. ...

**14. Информации за царинска контрола и дистрибуција на стока**

□ Види прилог бр. ...

| |
|---|
| 15. Пакување<br><br>Вид на пакување:<br>Број на единици по пакување: □ Види прилог бр. ...<br>Опис (вклучувајќи препознатливи карактеристики): |
| **16. Придружни документи**<br>Вид на документ:<br>Опис: □ Види прилог бр. ... |
| **Стоки кои ги повредуваат правата од интелектуална сопственост** |
| **17. Податоци за стоката**<br>Број на правата од интелектуална сопственост<br>Опис на стоката:<br><br>Тарифен број по КН на ЦТ:<br>Минимална вредност: □ Види прилог бр. ... |
| **18. Препознатливи карактеристики на стоките**<br>Место на стоките:<br>Опис:<br>□ Види прилог бр. ... |
| **19. Место на производство**<br>Земја:<br>Компанија:<br>Адреса:<br>Град:<br>□ Види прилог бр. ... |
| **20. Вклучени компании**<br>Улога:<br>Име:<br>Адреса:<br>Град:<br>□ Види прилог бр. ... |
| **21. Трговци**<br><br>□ Види прилог бр. ... |
| **22. Информации за дистрибуција на стоката**<br>□ Види прилог бр. ... |
| **23. Пакување**<br>Вид на пакување:<br>Број на единици по пакување:<br>Опис (вклучувајќи препознатливи карактеристики):<br>□ Види прилог бр. ... |
| **24. Придружни документи**<br>Вид на документ:<br>Опис:<br>□ Види прилог бр. ... |
| **25. Дополнителни информации**<br>□ Види прилог бр. ... |

**26. Обврски на носителот на правото**

Потпишувајќи, се обврзувам:

- да ја известам веднаш надлежната организациона единица која го прифатило барањето за било какви промени на доставените информации, податоци или документи со барањето за преземање на царински дејствија;
- да ги доставам до надлежната организациона единица која го прифатило ова барање сите ажурирања на информациите наведени во ставовите (1) и (2) од член 8 од Законот, кои се релевантни за анализа и проценка на царинските органи во однос на ризикот од повреда на правата на интелектуална сопственост опфатени со ова барање;
- да ја преземам одговорноста според условите утврдени согласно член 33 од Законот да ги надоместам трошоците настанати од царинските органи .

Се согласувам дека сите податоци поднесени со ова барање може да се обработат од страна на Царинската управа.

**27. Потпис (*)**

Датум (Ден/Месец/Година) ____/___/________ Потпис на подносителот на барањетто

Место Име и презиме (со печатни букви)

**За службена употреба**

Одлука на Царинската урава ( во рамките на значењето на Оддел 2) од Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост

□ Барањето е целосно одобрено.
□ Барањето е делумно одобрено (за одобрени права, види го приложениот список).

Датум на одобрување (Ден/Месец/Година) ____/___/________ Потпис и печат

**Барањето важи до:** (Ден/Месец/Година) ____/___/________

Секое барање за продолжување на периодот за превземање на царински дејствија на кој царинските органи треба да преземат дејствија се доставуваат најдоцна до 30 работни денови пред да истече важноста на барањето.

□ Барањето е отфрлено.

Приложени се: Заклучок за отфрлање на барањето во кој се наведуваат причините за отфрлање и информациите кои се однесуваат на жалбената постапка.

Датум (Ден/Месец/Година) ____/___/________ Потпис и печат

Прилог 1

## БАРАЊЕ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ЦАРИНСКИ ДЕЈСТВИЈА

2

ОБРАЗЕЦ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

**1. Подносител на барањето:**

Назив/Име (*):
Адреса (*):
Град (*):
Поштенски број:
Земја (*):
ЕДБ/ЕМБГ:
Телефон: (+)
Мобилен тел(+):
Факс (+):
Е-пошта (*):
Интернет страна:

**За службена употреба**
Датум на прием
Регистарски број на барањето

ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

БАРАЊЕ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ ЦАРИНСКИ ДЕЈСТВИЈА ОД СТРАНА НА ЦАРИСНКИТЕ ОРГАНИ

согласно член 8 од Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост

**2 (*). Статус на подносителот на барањето:**

- ☐ Носител на правото
- ☐ Лице или ентитет овластен за користење на правото од интелектуална сопственост
- ☐ Орган за управување со колективни права од интелектуална сопственост
- ☐ Орган за професионална заштита
- ☐ Група на производители на производи со географска ознака или застапници на носителите на групата
- ☐ Оператор кој има право да користи географска ознака
- ☐ Надзорен орган или надлежен орган за географска ознака
- ☐ Носител на ексклузивна лиценца

**3. Застапник кој поднел барање во име на подносителот на барањето:**

Назив/Име (*):
Адреса (*):
Град (*):
Поштенски број:
Земја (*):
ЕДБ/ЕМБГ:
Телефон (+):
Мобилен тел (+):
Факс (+):

☐ Приложен е доказ за овластувањето на застапникот

2

**4 (*). Вид на право на кое се однесува барањето:**

- ☐ Домашна трговска марка (ДТМ);
- ☐ Меѓународна трговска марка (МТМ);
- ☐ Домашен дизајн (ДД)
- ☐ Меѓународен дизајн (МД)
- ☐ Авторско право и сродно право (АПСП)
- ☐ Трговско име (ТИ)
- ☐ Топографија на интегрални кола (ТИК)
- ☐ Патент (П)
- ☐ Корисен модел (КМ)

**Географска ознака/Ознака на потекло:**

- ☐ за земјоделски и прехранбени производи (ГОЗПП)
- ☐ за вино (ГОВ)
- ☐ за ароматизирани пијалаци врз база на вино (ГОАПВ)
- ☐ согласно ратификувани меѓународни договори

**Право на заштита на сорти на растенија;**

- ☐ домашно (ДПЗСР)
- ☐ меѓународно (МПЗСР)

**Сертификат за дополнителна заштита:**

- ☐ за медицински производи (СМП)
- ☐ за производи за заштита на растенијата (СПЗР)

**5. Контакт лице за правни работи**

Име (*):
Адреса (*):
Град (*):
Поштенски број:
Земја (*):
Телефон (+):
Мобилен тел (+)
Факс (+):
Е-пошта (*):
Интернет страна:

**6. Контакт лице за технички прашања**

Име (*):
Адреса (*):
Град (*):
Поштенски број:
Земја (*):
Телефон (+):
Мобилен тел (+)
Факс: (+)
Е-пошта (*):
Интернет страна:

**7. Постапка во случај на мали пратки**

□ Барам да се примени постапката за мали пратки согласно член 29 од Законот за царински мерки за спроведување на правата од интелектуална сопственост, и на барање на царинските органи се согласувам за покривање на трошоците поврзани со уништувањето на стоката во таа постапка.

**8 (*). Список на права на кои се однесува барањето**

| Бр. | Вид на право | Регистарски број | Датум на регистрација | Датум на истекување на рокот | Список на стоки на кои се однесува правото |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

За дополнителни права, види прилог бр. ...

## Оригинална стока

**9. Податоци за стоката (*)**

Број на правата од интелектуална сопственост:

Опис на стока (*):

Тарифен број по КН на ЦТ:

Царинска вредност:

Просечна пазарна вредност: □ Види прилог бр. ...

**10. Препознатливи карактеристики на стоките (*)**

Место на стоките(*):

Опис (*):

□ Види прилог бр. ...

**11. Место на производство (*)**

Земја:

Компанија:

Адреса:

Град: □ Види прилог бр. ...

**12. Вклучени компании (*)**

Улога:

Име(*):

Адреса:

Град: □ Види прилог бр. ...

**13. Трговци (*)**

□ Види прилог бр. ...

**14. Информации за царинска контрола и дистрибуција на стока**

□ Види прилог бр. ...

| |
|---|
| 15. Пакување<br><br>Вид на пакување:<br>Број на единици по пакување: □ Види прилог бр. ...<br>Опис (вклучувајќи препознатливи карактеристики): |
| **16. Придружни документи**<br>Вид на документ:<br>Опис: □ Види прилог бр. ... |
| **Стоки кои ги повредуваат правата од интелектуална сопственост** |
| **17. Податоци за стоката**<br>Број на правата од интелектуална сопственост<br>Опис на стоката:<br><br>Тарифен број по КН на ЦТ:<br>Минимална вредност: □ Види прилог бр. ... |
| **18. Препознатливи карактеристики на стоките**<br>Место на стоките:<br>Опис:<br>□ Види прилог бр. ... |
| **19. Место на производство**<br>Земја:<br>Компанија:<br>Адреса:<br>Град:<br>□ Види прилог бр. ... |
| **20. Вклучени компании**<br>Улога:<br>Име:<br>Адреса:<br>Град:<br>□ Види прилог бр. ... |
| **21. Трговци**<br><br>□ Види прилог бр. ... |
| **22. Информации за дистрибуција на стоката**<br>□ Види прилог бр. ... |
| **23. Пакување**<br>Вид на пакување:<br>Број на единици по пакување:<br>Опис (вклучувајќи препознатливи карактеристики):<br>□ Види прилог бр. ... |
| **24. Придружни документи**<br>Вид на документ:<br>Опис:<br>□ Види прилог бр. ... |
| **25. Дополнителни информации**<br>□ Види прилог бр. ... |

**26. Обврски на носителот на правото**

Потпишувајќи, се обврзувам:

— да ја известам веднаш надлежната организациона единица која го прифатило барањето за било какви промени на доставените информации, податоци или документи со барањето за преземање на царински дејствија;

— да ги доставам до надлежната организациона единица која го прифатило ова барање сите ажурирања на информациите наведени во ставовите (1) и (2) од член 8 од Законот, кои се релевантни за анализа и проценка на царинските органи во однос на ризикот од повреда на правата на интелектуална сопственост опфатени со ова барање;

– да ја преземам одговорноста според условите утврдени согласно член 33 од Законот да ги надоместам трошоците настанати од царинските органи .

Се согласувам дека сите податоци поднесени со ова барање може да се обработат од страна на Царинската управа.

**27. Потпис (*)**

Датум (Ден/Месец/Година) ____/___/________ Потпис на подносителот на барањетто

Место Име и презиме (со печатни букви)

**За службена употреба**

Одлука на Царинската управа (во рамките на значењето на Оддел 2) од Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост

□ Барањето е целосно одобрено.
□ Барањето е делумно одобрено (за одобрени права, види го приложениот список).

Датум на одобрување (Ден/Месец/Година) ____/___/________ Потпис и печат

**Барањето важи до:** ____/___/________

Секое барање за продолжување на периодот за превземање на царински дејствија на кој царинските органи треба да преземат дејствија се доставуваат најдоцна до 30 работни денови пред да истече важноста на барањето.

□ Барањето е отфрлено.

Приложени се: Заклучок за отфлање на барањето во кој се наведуваат причините за отфрлање и информациите кои се однесуваат на жалбената постапка.

Датум на одобрување (Ден/Месец/Година) ____/___/________ Потпис и печат

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ЦАРИНСКИ ДЕЈСТВИЈА ОД СТРАНА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

Рубриките во формуларот означени со знакот (*) се задолжителни и мора да бидат пополнети.

Кога едно или повеќе рубрики се означени со знакот (+), се пополнува барем едно од овие рубрики.

Не се внесуваат податоци во рубриките, означени со зборовите „за службена употреба".

**Рубрика 1: Подносител на барањето**

Во ова рубрика се внесуваат податоци за подносителот на барањето. Рубриката содржи информации за називот/името и целосната адреса на подносителот, како и неговиот телефонски број, мобилен телефон или факс. Подносителот може, кога е применливо, да го впише неговиот даночен идентификациски број или единствениот матичен број. Исто така, подносителот потребно е да ги напише податоците за е-маил и неговата интернет страна.

**Рубрика 2: Статус на подносителот на барањето**

Неопходно е да се штиклира соодветната рубрика за да се означи статусот на подносителот во рамки на значењето на член 4 од Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост.

Барањето треба да биде придружено со документи кои обезбедуваат докази пред надлежниот царински орган дека подносителот има право да поднесе барање.

**Рубрика 3: Застапник кој поднел барање во име на подносителот на барањето**

Доколку подносителот поднесува барање преку застапник, во ова рубрика потребно е да се внесат податоци за застапникот. Барањето треба да содржи докази за неговото овластување да дејствува како застапник и треба да се штиклира соодветната рубрика.

**Рубрика 4: Вид на право на кое се однесува барањето**

Видот на правата од интелектуална сопственост на кое се однесува барањето се означуваат со штиклирање на соодветната рубрика.

**Рубрика 5: Контакт лице за правни работи**

Информациите за контакт лицето назначени од страна на подносителот се наведуваат во ова рубрика.

**Рубрика 6: Контакт лице за технички прашања**

Доколку контакт лицето за технички прашања е различен од лицето наведено во рубрика 5, тогаш во ова рубрика се наведуваат податоците за контакт лицето за технички прашања.

**Рубрика 7: Постапка во случај на мали пратки**

Доколку подносителот на барањето сака да побара спроведување на постапката за уништување на мали пратки на стоки утврдени во член 29 од Законот за царински мерки за спроведување на правата од интелектуална сопственост, тогаш ова рубрика треба да се штиклира.

**Рубрика 8:** Список на права **на кои се однесува барањето**

Во ова рубрика се внесуваат податоци за правото или правата кои треба да се спроведат.

Во колоната „Бр." се внесува редниот број за правата на интелектуална сопственост за кои се однесува барањето.

Во колоната „Вид на право", се наведува видот на правата од интелектуална сопственост со користење на кратенки кои се наведени во рубрика 4.

Во колоната „Регистарски број" се наведува бројот под кој е регистрирано правото.

Во колоната „Датум на регистрација" се наведува датумот кога е регистрирано правото.

Во колоната „ Датум на истекување на рокот" се наведува датумот до кога важи регистрираното право.

Во колоната „Список на стоки на кои се однесува правото", се наведуваат видот на стоките кои се опфатени со соодветните меѓународни класификации на производите и услугите за регистрирање на трговските марки и во однос на кој подносителит бара спроведување на царинските мерки.

"Во делот за дополнителни права, види прилог број"подносителот може да приложи дополнителен список кој се однесува на податоците во рубрика 8.

**Информации за оригинална стока**

Подносителот на барањето треба да ги пополни полињата од 9 до 19 со специфични и технички податоци за оригиналната стока, информации кои им се потребни на царинските органи за лесно откривање на стоките за кои постои сомневање дека ги повредуваат правата од интелектуална сопственост и информации во врска со анализа и проценка на ризикот за повреда на правата од интелектуална сопственост од страна на царинските органи.

**Рубрика 9:** **Податоци за стоката**

Рубрика 9 содржи опис на оригиналната стока,вклучувајќи опрема и графички симболи, нивното тарифирање според Комбинираната номенклатура и нивната царинска вредност и просечна пазарна вредност. Доколку е потребно, подносителот приложува и фотографии од стоките. Информациите се подредуваат според различниот вид на стоки или различните асортимани на стоки.

**Рубрика 10:** **Препознатливи карактеристики на стоките**

Рубрика 10 содржи информации за специфични карактеристики на оригиналната стока, како што се етикети, ознаки, безбедносни конци, холограми, копчиња, висечки етикети и бар-кодови со наведување на точните карактеристики на стоките и нивниот изглед.

**Рубрика 11**: Место на производство

Рубрика 11 содржи информации за местото на производство на оригиналната стока.

**Рубрика 12: Вклучени компании**

Рубрика 12 содржи информации за овластените увозници, добавувачи, производители, превозници, примачи или извозници. Информациите се подредуваат според различниот вид на стоки.

**Рубрика 13: Трговци**

Рубрика 13 содржи информации за лица или ентитети овластени за тргување со производи кои вклучуваат примена на правата од интелектуална сопственост за кои се бара спроведување. Се наведуваат информации во врска со името, адресата и регистрациски број на тие лица или ентитети. Податоците исто така треба да вклучуваат информации за начинот на кој носителите на дозволи може да докажат дека се овластени да ги применуваат предметните права од интелектуална сопственост.

**Рубрика 14: Информации за царинска контрола и дистрибуција на стоки**

Рубрика 14 содржи информации за каналите за дистрибуција на оригиналната стока, како и информации кои се однесуваат на централните магацини, оддели за испорака, превозни средства, транспортни рути и испорака и царинските постапки и царински испостави во кои се спроведува царинењето на оригиналната стока.

**Рубрика 15: Пакување**

Ова рубрика содржи информации за пакувањето на оригиналната стока, како и следните информации:

(а) видот на пакувањата наведени со користење на соодветните кодови;

(б) специфични карактеристики на пакувањето (на пример ознаки, етикети, безбедносни конци, холограми, копчиња, висечки етикети и баркодови), вклучувајќи ја точната локација на пакувањето;

(в) посебен дизајн на пакувањето (боја, форма);

(г) доколку е потребно, фотографии од стоките.

**Рубрика 16: Придружни документи**

Рубрика 16 содржи информации за документите кои ги придружуваат оригиналните стоки, како што се брошури, прирачници, гаранции или други слични информации и документи.

**Информации за стока за која постои сомневање дека ги повредува правата на интелектуална сопственост во полиња од 17 до 25**

Подносителот на барањето треба да ги пополни полињата од 17 до 25, со информации во однос на извршената анализа и проценката на ризикот за повреда на правата од интелектуална сопственост од страна на царинските органи.

**Рубрика 17:** **Податоци за стоката**

Рубрика 17 содржи опис на стоката, за која постои сомневање дека ги повредува правата од интелектуална сопственост (стоки кои ги повредуваат правата на интелектуална сопственост), вклучувајќи претставување и графички симболи. Доколку е потребно, подносителот приложува и фотографии од стоките. Информациите се подредуваат според различниот вид на стоки или различните асортимани на стоки.

**Рубрика 18:** **Препознатливи карактеристики на стоките**

Рубрика 18 содржи информации за специфични карактеристики на стоките, за кои постои сомневање дека ги повредуваат правата од интелектуална сопственост, како што се етикети, ознаки, безбедносни конци, холограми, копчиња, висечки етикети и бар-кодови со наведување на точните карактеристики на стоките и нивниот изглед.

**Рубрика 19:** **Место на производство**

Рубрика 19 содржи информации за точното или претпоставено место на потекло и испорака на стоката за која постои сомневање дека ги повредува правата од интелектуална сопственост.

**Рубрика 20:** **Вклучени компании**

Рубрика 20 содржи информации за увозниците, снабдувачите, производителите, превозниците, примателите или извозниците, за кои се претпоставува дека се вклучени во процес на повреда на соодветните права на интелектуална сопственост.

**Рубрика 21:** **Трговци**

Рубрика 21 содржи информации за лицата или ентитетите кои не се овластени за тргување со производи кои вклучуваат примена на правата од интелектуална сопственост за кои се бара спроведување и кои во минатото тргувале со такви производи.

**Рубрика 22:** **Информации за дистрибуција на стоката**

Рубрика 22 содржи информации за каналите на дистрибуција на стоката за која постои сомневање дека ги повредува правата на интелектуална сопственост, информации поврзани со магацини, оддели на испорака, видови транспорт, транспортни рути и места на испорака, како и информации во врска со царинските постапки и царинските испостави каде се врши царинење на стоката за која постои сомневање дека ги повредува правата од интелектуална сопственост.

**Рубрика 23:** **Пакување**

Ова рубрика содржи информации за пакувањето на стоката за која постои сомневање дека ги повредува правата од интелектуална сопственост, како и следните информации:

(а) видот на пакувањата наведени со користење на соодветните кодови

(б) специфични карактеристики на пакувањето (на пример ознаки, етикети, безбедносни конци, холограми, копчиња, висечки етикети и баркодови), вклучувајќи ја точната локација на пакувањето;

(в) посебен дизајн на пакувањето (боја, форма);

(г) доколку е потребно, фотографии од стоките.

**Рубрика 24:** **Придружни документи**

Рубрика 24 содржи информации за документите кои ги придружуваат стоките за кои постои сомневање дека ги повредуваат правата од интелектуална сопственост, како што се брошури, прирачници, гаранции или други слични информации и документи.

**Рубрика 25:** **Дополнителни информации**

Во рубрика 25, подносителот на барањето може да ги обезбеди сите дополнителни информации во однос на анализата и проценката на ризикот од повреда на соодветното право или права на интелектуална сопственост, на пример специфични информации за планирани испораки на стоки за кои постои сомневање дека ги повредуваат правата од интелектуална сопственост, вклучувајќи конкретни и детални информации во врска со видот на транспорт, контејнери и вклучени лица.

**Рубрика 26:** **Обврски на носителот на правото**

Во ова рубрика, не се прават промени и не се внесуваат податоци.

**Рубрика 27:** **Потпис**

Во рубрика 27, подносителот или застапникот на подносителот на барањето наведени во рубрика 3 ги наведува местото и датумот на пополнување на барањето и се потпишува. Името на потписникот се пишува со печатни букви.

Прилог 2

## БАРАЊЕ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПЕРИОДОТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ЦАРИНСКИ ДЕЈСТВИЈА

ОБРАЗЕЦ ЗА НАДЛЕЖНАТА ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Подносител на барањето**:<br><br>Назив/Име(*):<br>Адреса (*):<br>Град(*):<br>Поштенски број:<br>Земја(*):<br>Телефон: (+)<br>Мобилен тел.: (+)<br>Факс: (+)<br>Е-пошта: | **За службена употреба**<br>Датум на прием<br><br>**ПРАВА НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ**<br><br>**БАРАЊЕ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПЕРИОДОТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ ДЕЈСТВИЈА**<br><br>согласно член 14 од Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост |

2 (*). **Барам продолжување на периодот во кој царинскиот орган треба да презема дејствија во однос на следното барање**

Регистарски број на барањето: _____ / ______

□ Потврдувам дека не постојат промени во информациите во однос на барањето за преземање дејствија и неговите прилози.

□ Ги доставувам следните информации во однос на барањето за преземање дејствија.

Види прилог бр. ...

Сите барања за продолжување на периодот во кој царинскиот орган треба да презема дејствија се доставуваат најдоцна до 30 работни денови пред да истече важноста на барањето.

1

**3. Потпис (*)**

Датум (Ден/Месец/Година) ___/___/_______ — Потпис на подносителот на барањето

Место — Име и презиме (со печатни букви)

**За службена употреба**

Одлука на Царинската управа (во рамките на значењето на Оддел 2) од Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост

□ Барањето за продолжување е целосно одобрено.

□ Барањето за продолжување е делумно прифатено (за одобрени права, види го приложениот список).

Датум на одобрување (Ден/Месец/Година) ___/___ /_______ — Потпис и печат

**Барањето важи до:** (Ден/Месец/Година) ___/___/_______

□ Барањето за продолжување е отфрлено.

Приложени се: Заклучок за отфлање на барањето во кој се наведуваат причините за отфрлање и информациите кои се однесуваат на жалбената постапка.

Датум (Ден/Месец/Година) ___/___/_______ — Потпис и печат

Прилог 2

# БАРАЊЕ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПЕРИОДОТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ЦАРИНСКИ ДЕЈСТВИЈА

ОБРАЗЕЦ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

2

**Подносител на барањето:**

Назив/Име(*):
Адреса (*):
Град(*):
Поштенски број:
Земја(*):
Телефон: (+)
Мобилен тел.: (+)
Факс: (+)
Е-пошта:

**За службена употреба**
Датум на прием

ПРАВА НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

**БАРАЊЕ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПЕРИОДОТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ ДЕЈСТВИЈА**

согласно член 14 од Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост

2 (*). Барам **продолжување на периодот во кој царинскиот орган треба да презема дејствија во однос на следното барање**

Регистарски број на барањето: ______ / _______

□ Потврдувам дека не постојат промени во информациите во однос на барањето за преземање дејствија и неговите прилози.

□ Ги доставувам следните информации во однос на барањето за преземање дејствија.

Види прилог бр. ...

Сите барања за продолжување на периодот во кој царинскиот орган треба да презема дејствија се доставуваат најдоцна до 30 работни денови пред да истече важноста на барањето.

2

**3. Потпис (*)**

Датум (Ден/Месец/Година) ____/___/________

Потпис на подносителот на барањето

Место

Име и презиме (со печатни букви)

**За службена употреба**

Одлука на царинскиот орган (во рамките на значењето на Оддел 2) од Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост

□ Барањето за продолжување е целосно одобрено.

□ Барањето за продолжување е делумно прифатено (за одобрени права, види го приложениот список).

(Ден/Месец/Година) ____/___ /________

Потпис и печат

Барањето **важи до:** (Ден/Месец/Година) ____/___/________

□ Барањето за продолжување е отфрлено.

Приложени се: Заклучок за отфлање на барањето во кој се наведуваат причините за отфрлање и информациите кои се однесуваат на жалбената постапка.

(Ден/Месец/Година) ____/___/________

Потпис и печат

УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО НА БАРАЊЕТО ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПЕРИОДОТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ЦАРИНСКИ ДЕЈСТВИЈА КОИ СЕ ПОПОЛНУВААТ ОД СТРАНА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

Рубриките на образецот означени со знакот (*) се задолжителни и мора да бидат пополнети.

Кога едно или повеќе рубрики се означени со знакот (+), се пополнува барем едно од овие рубрики.

Не се внесуваат податоци во рубриките означени со зборовите „за службена употреба“.

Рубрика 1:Податоци за подносителот на барањето

Во ова рубрика се внесуваат податоци за подносителот на барањето.

Рубрика 2:Барање за продолжување на периодот

Во ова рубрика се внесува регистарскиот број на прифатеното барање. Подносителот на барањето наведува дали бара промена на информациите содржани во барањето за преземање на царински дејствија со штиклирање на соодветната рубрика.

Рубрика 3:Потпис

Во рубрика 3, подносителот на барањето или застапникот кој поднел барање во име на подносителот на барањето ги наведува местото и датумот на пополнување на барањето и се потпишува. Името на потписникот се пишува со печатни букви.